HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

## СЕПТЕМВРИ

## 2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01

вовед

02

говор на омраза

03

дела од омраза

04

родово базирано насилство и семејно насилство

05

затворени институции

06

бесплатна правна помош

# ВОВЕД

На почетокот на септември, Хелсиншкиот комитет за човекови права, во партнерство со Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство „Глас против насилство“, а во соработка со Министерството за правда, Советот на јавни обвинители, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Судскиот совет, Министерството за внатрешни работи и Министерството за социјална политика, демографија и млади, го започна спроведувањето на проектот „Опсерваторија за фемициди - превенција и мониторинг на фемициди и обиди за фемициди во Северна Македонија“.

На првиот работен состанок беше заклучено дека заедничкиот ангажман и активната соработка ќе придонесат за поефикасно следење на случаите и креирање политики за подобра заштита и превенција од родово базирано насилство.

Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост остро реагираа поради тоа што Министерството за образование и наука усвоило нов Правилник за начинот на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Според овие две платформи, новиот Правилник претставува директно уназадување на напорите вложени во 2019 и 2020 година, кога со поддршка на експертската и граѓанската заедница беше изработено упатство усогласено со европските стандарди и меѓународните обврски на државата.

# ВОВЕД

СНаместо да овозможи вистинска заштита, Правилникот ги лишува училиштата од можноста да ги препознаат мотивите зад насилството и да преземат ефикасни мерки за превенција, оставајќи го целиот систем слеп пред најчестите форми на дискриминација и насилство.

Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост побараа од Министерството за образование и наука да го ревидира Правилникот, со што родово базираното насилство, насилството од омраза, родовите стереотипи и дискриминацијата врз маргинализираните заедници ќе бидат препознаени.

Платформата за родова еднаквост остро реагираше тврдејќи дека фемицидот во Велес е доказ за игнорантскиот однос на надлежните кон насилството.

На 15 септември 2025 година во Велес се случи двојно убиство: 39-годишен маж од Скопје со нож ги нападна својата поранешна партнерка (31 година) и нејзиниот татко, а потоа изврши самоубиство. Според медиумите, случајот ѝ бил добро познат на велешката полиција бидејќи жртвата претходно го пријавувала за насилство и закани по нејзиниот живот. Иако му била изречена забрана за приближување и неодамна завршил судскиот процес за „загрозување на сигурноста“ и „телесна повреда“, институциите не успеале да ја заштитат жртвата.

# ВОВЕД

Оваа трагедија е уште еден пример на фемицид. Северна Македонија во 2023 година ги измени одредбите на Кривичниот законик и за првпат конкретно ги дефинира и ги криминализира фемицидот, женското генитално осакатување, прогонувањето и сексуалното вознемирување. Сепак, овој случај покажа дека самата законска рамка не е доволна без ефикасно спроведување, соодветни протоколи и одговорност на институциите.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - СЕПТЕМВРИ 2025

Во текот на септември 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 61 случај, од кои 27 (32 %) врз основа на етничка припадност и 20 случаи (24 %) врз основа на национална припадност и 19 случаи (23%) врз основа на политичка припадност, 5 случаи поради социјално потекло (6 %) и по 4 (4 %) случаи врз основа на раса и боја на кожа, 3 (4 %) случаи поради сексуална ориентација и родов идентитет и 3 случаи (4 %) поради пол и род, кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување.

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕПТЕМВРИ 2025



# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - СЕПТЕМВРИ 2025

Во текот на септември е забележан говор на омраза и повикување на насилство врз основа на етничка припадност, а на крајот на месецот, со започнувањето на кампањите кулминираше со митингот на ДУИ во Скопје, каде што беа прикажувани снимки од војната во 2001 година и извикување на УЧК. Ова дополнително ги разгоре негативните чувства кај македонското население, со што беа предизвикани омраза и раздор. Дополнително беа користени навреди како „предавници Северџани“ и „патриоти“.

Дополнително, трендот што беше забележан и за парламентарните и за претседателските избори во 2024 година врз основа на навреди и омаловажување кон кандидатките се повторува и на овие локални избори. Кандидатката за советничка на Град Скопје, Луна Стефановска, јавно објави видео во кое наведе дека е мета на родово базиран говор на омраза. Забележани се вознемирувачки говор и омаловажувања кон политичарки од страна на новинар, кој во јавноста е познат по ширењето говор на омраза.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ

Етнички базиран говор на омраза - Во текот на септември се забележува зголемен говор на омраза и повикување на насилство кон одредени етнички заедници, што се потенцираше со кампањата на ДУИ во Скопје, прикажувајќи снимки од војната во 2001 година и изведувајќи поврзување со УЧК. Овој пристап дополнително го зголемува чувството на страв и непријателство меѓу македонското и албанското население.

Поларизација на општеството - Навредите како „предавници Северџани" и „патриоти" ја продлабочуваат етничката и политичката поларизација, создавајќи ризик од конфликт и недоверба во политичкиот процес.

Родово базиран говор на омраза - Трендот на навреди и омаловажување кон кандидатките, забележан и во претходни изборни циклуси (2024), продолжува и на локалните избори во 2025 година. Кандидатката Луна Стефановска стана мета на родово базиран говор на омраза, што укажува на потребата од дополнителна заштита на жените во политиката.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ПРЕПОРАКИ

**Јавно осудување и санкции - Политичките партии и релевантните институции треба јавно да ги осудуваат навредите и повиците на насилство и да обезбедат соодветни законски мерки против прекршителите.**

**Заштита на политичарките - Да се воведат механизми за заштита и поддршка на жените во политиката, вклучително и обезбедување правна помош, безбедност и медиумска заштита.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Во текот на септември 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 2 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за еден потенцијален инцидент врз основа на етничка припадност и еден инцидент каде што жртвата има статус на мигрант. Според видот, двата инциденти содржат насилство. Во еден случај, како жртви и сторители се јавуваат малолетници.

Потенцијалните инциденти се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што според другите индикатори постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се перцепција на жртва/сведок; коментирање на самото место; разликата меѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време. Поточно, во овој извештај се вклучени потенцијалните инциденти поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза)видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

1. И покрај релативно малиот број случаи, присутноста на насилни инциденти мотивирани од етничка припадност и статус на мигрант или бегалец укажува на трајни општествени тензии и ниско ниво на толеранција кон „другоста“.
2. Вклученоста на малолетници како жртви и сторители сугерира дека предрасудите и дискриминаторските ставови се пренесуваат и се репродуцираат уште во најраните возрасни групи, најчесто без навремена институционална реакција.

**Препораки**

- Да се развијат долгорочни образовни програми и кампањи за младите што промовираат култура на мир, прифаќање и солидарност, во координација со училиштата и младинските организации.
- Институциите надлежни за јавен ред и безбедност да воспостават подобри механизми за идентификација и евидентирање дела со можен пристрасен мотив, како и континуирана обука на полицијата и обвинителството за справување со криминалот од омраза.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Период: септември 2025 година**

**Во текот на септември 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права во рамките на програмата за бесплатната правна помош, како и проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции“, финансиран од Европската Унија, обезбеди:**

- **Бесплатна правна помош за осум деца во судир со законот;**
- **Бесплатна правна помош во три притворски предмети;**
- **Бесплатна правна помош во три предмети за здравствената состојба на осудени лица;**
- **Опремување на женскиот дел во Воспитно-поправната установа Тетово;**
- **Одбележување на Светскиот ден на чисти планини (World Environmental Health Day);**
- **Организирана обука за персоналот во ВПД Тетово за работа со женски лица.**
-

**2. Краток преглед на обезбедени правни услуги**

**Бесплатна правна помош**

- **Преглед на законската регулатива и дадени правни совети;**
- **Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции;**
- **Обезбедени правни информации, совети и упатувања на странките.**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Во текот на септември 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права во рамките на програмата за бесплатната правна помош, како и проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции“, финансиран од Европската Унија, обезбеди:

- Бесплатна правна помош за осум деца во судир со законот;
- Бесплатна правна помош во три притворски предмети;
- Бесплатна правна помош во три предмети за здравствената состојба на осудени лица;
- Опремување на женскиот дел во Воспитно-поправната установа Тетово;
- Одбележување на Светскиот ден на чисти планини (World Environmental Health Day);
- Организирана обука за персоналот во ВПД Тетово за работа со женски лица.
-

2. Краток преглед на обезбедени правни услуги

Бесплатна правна помош

- Преглед на законската регулатива и дадени правни совети;
- Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции;
- Обезбедени правни информации, совети и упатувања на странките.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АВГУСТ 2025 ГОДИНА

- Во рамките на проектот се реализираше работилница за односот кон животните и природата со едукаторот Војо Иванов, која придонесе за анимација, развој на емпатија и позитивно искуство кај децата.
- Во текот на месецот беше обезбедено психо-социјално советување преку групни и индивидуални сесии, насочени кон поддршка на менталното здравје и личниот развој на децата.

4. Заклучоци и препораки

- Да се обезбедат континуитет и институционална поддршка за формално образование во установата согласно новите законски измени.
- Да се засили психо-социјалната поддршка преку постојано присуство на стручен тим (психолог, педагог, социјален работник и психијатар).
- Да се зголемат бројот и компетентноста на воспитувачите и затворската полицијата, со задолжителна иницијална обука при вработувањето.
- Да се воспостави услугата „куќа на половина пат" за поддршка на децата по отпустот и да се зајакне поврзувањето со релевантните институции.
- Да се изврши преадаптација на просторот за формирање женски оддел во Воспитно-поправниот дом Тетово, со цел обезбедување услови за сместување девојчиња во согласност со меѓународните стандарди за заштита на правата на децата и принципот на физичка и програмска одделеност според пол.
- Да се продолжи со организирање тематски и креативни работилници што ги поттикнуваат емпатијата, довербата и социјалната инклузија на децата.

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| БПП | 43 | |
| СПП | / | |
| Вкупно | 43 | |
| | Број | Проценти |
| Пол | | |
| Мажи | 26 | 61% |
| Жени | 17 | 40% |
| Етничка припадност | | |
| Македонци | 32 | 75% |
| Албанци | 8 | 19% |
| Роми | 3 | 7% |
| Странци | | 0% |
| Географски региони | | |
| Скопски | 18 | 42% |
| Вардарски | 3 | 7% |
| Полошки | 6 | 14% |
| Пелагониски | 2 | 5% |
| Југозападен | 2 | 5% |
| Североисточен | 2 | 5% |
| Источен | 3 | 7% |
| Југоисточен | 7 | 16% |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Имотно право | 1 | 2% |
| Социјална заштита и | 3 | 7% |
| Заштита на деца | 8 | 19% |
| Пензиско и инвалидско | 3 | 7% |
| Здравствено осигурување и | 5 | 12% |
| Работни односи | 5 | 12% |
| Родово базирано и семејно | 3 | 7% |
| Статусни прашања | 4 | 9% |
| Заштита на човековите | 5 | 12% |
| Други | 6 | 12% |

# ИСТАКНАТИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции", финансиран од Европската Унија, Хелсиншкиот комитет го одбележа Светскиот ден на чисти планини (World Environmental Health Day), прогласен од International Federation of Environmental Health (IFEH).

Во соработка со едукаторот Војо Иванов и со поддршка на компанијата Фоја, која донираше дрвја и зеленило, беа реализирани активности во Воспитно-поправниот дом Тетово, во кои учество зедоа децата и вработените во установата. Активностите беа насочени кон подигнување на свеста за значењето на здравата и чиста животна средина, како и нејзината поврзаност со човековото здравје.

Преку заедничкото засадување дрвја и уредување на просторот, учесниците симболично придонесоа за создавање поубаво и поздрава опкружување. Оваа иницијатива ги поттикна одговорноста, тимската работа и грижата за природата, истовремено создавајќи позитивна емоционална врска и чувство на припадност кај децата.

Со оваа активност се зајакна и воспитната компонента на проектот, преку која се поттикнуваат личен развој, емпатија и вредности поврзани со заедништво и почит кон животната средина.